**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 13-07-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3260 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово

3. **Период опфатен со надзорот:** 1 јуни 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 јули 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);

- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);

- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);

- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, емитуван на 1 јуни 2018 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (времетраењето на рекламирањето и на телешопинг спотовите во програмите на трговските радиодифузни друштва не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час).

Во реалните часови од 2 до 3, од 18 до 19 и од 19 до 20, ТВ Ускана Еден од Тетово емитуваше повеќе од 12 минути реклами на еден реален час, односно ги надмина дозволените лимити за рекламирање, како што е наведено во табелава подолу.

**1.06.2018**

| Наслов на емисија | Рекламирање во реален час од - до | Период на емитување | | | Надминат лимит за рекламирање за: |
|---|---|---|---|---|---|
| | | почеток | крај | Времетраење | |
| Рекламен блок | од 02 до 03 ч. | 02:02:40 | 03:00:00 | 00:57:20 | 45 мин. и 20 сек. |
| Рекламен блок | од 18 до 19 ч. | 18:17:19 | 19:00:00 | 00:14:31 | 2 мин. и 31 сек. |
| Рекламен блок | од 19 до 20 ч. | 19:00:00 | 20:00:00 | 00:59:54 | 47 мин. и 54 сек. |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, на 1 јуни 2018 година, емитувани се рекламни блокови со вкупно времетраење подолго од дозволените 12 минути на еден реален час.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, и согласно точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 100 став 1 од Законот, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***